Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 0201-10
01.04. 2024 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговските друштва, член 36 од Правилата за котација и член 198 и член 200 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 01.04.2024 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година
(дивиденден календар)

Член 1

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2023 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2023 година во висина од 486,00 денари нето, односно 540,00 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Член 2

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2023 година е 16.04.2024 година.

Член 3

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2023 година е 17.04.2024 година.

Член 4

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2023 година е 18.04.2024 година.

Член 5

Исплата на дивидендата за 2023 година ќе започне од 15.05.2024 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач
Марија Малова

Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ 2